# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**На 22.05.2020 година во 14:00 часот се одржа состанок на Општинскиот штаб за заштита и спасување на Општина Ранковце на кој беа дискутирани досегашните превземени превентивни мерки и потребата од преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус).**

- Зелениот пазар во Општина Ранковце останува да биде отворен за работа
- ЈКП Чист Ден , тезгите на зелениот пазар да ги распореди на растојание од 2 метри
- ЈКП Чист Ден пред почетокот на секој пазарен ден задолжително да врши дезинфекција на тезгите на зелениот пазар
- Сите спортски игралишта и спортски објекти на територијата на Општина Ранковце остануваат да бидат затворени
- ПО Ранковце да прават зачестени контроли на територијата на Општина Ранковце за да нема групирање на луѓе пред продавниците и маркетите
- Секој жител на Општина Ранковце кој нема да го почитува задолжителното носење на заштитна опрема ( заштитни маски и ракавици) ке биде казнуван од страна на службеници од ПО Ранковце
- Комунални редари и комунални инспектори ке вршат контроли на територијата на Општина Ранковце и ке ги казнуваат жителите кои нема да гопочитуваат задолжителното носење на заштитни маски и ракавици
- Сите институции на територијата на Општина Ранковце да ги почитуваат препораките и одлуките на Министерството за здравство за задолжително носење на заштитна опрема

Scanned with CamScanner

- Сите трговски друштва кои опстојуваат на територијата на Општина Ранковце и сите други останати фирми да ги почитуваат препораките и одлуките на Министерството за здравство за задолжително носење на заштитна опрема

- ТППЕ Ранковце да продолжи со дезинфекција на асфалтираните улици во сите села на територијата на Општина Ранковце.

- Сите други досегашни препораки и одлуки донесени од страна на Општинскиот штаб за заштита и спасување остануваат да важат

- Сите жителите на Општина Ранковце да ги почитуваат сите мерки за заштита од Корона вирусот донесени од страна на Министерството за здравство и Владата на Република Северна Македонија.

- Да се почитува полицискиот час воведен од страна на Министерството за внатрешни работи.

**Општински штаб за заштита и спасување**

**Општина Ранковце**

Scanned with CamScanner